**20150973030**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јуни 2015 година.

Бр. 08-2511/1
9 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15 и 61/15), по членот 107 се додава нов наслов и пет нови членови 107-а, 107- б, 107-в, 107-г и 107-д, кои гласат:

„Утврдување на стаж на осигурување за период
до 31 декември 2008 година

Член 107-а

(1) Осигуреник кој бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за период до 31 декември 2008 година, може самиот за себе да изврши плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Плаќањето на придонесот од ставот (1) на овој член се однесува за целиот период кој не е утврден во стаж на осигурување поради неплаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од страна на обврзникот за пресметка и уплата на придонесот.

(3) Плаќањето на придонесот од ставот (1) на овој член може да се изврши најмногу до 12 последователни месечни рати.



www.pravdiko.mk

(4) Основица за пресметка и плаќање на придонесот изнесува 50% од просечната плата за претходната година од годината во која е поднесено барање за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, објавена од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

(5) Плаќањето на придонесот од ставот (1) на овој член се врши според стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување утврдена со закон.

(6) Плаќањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување може да го извршат и членовите на семејството од членот 57 од овој закон, доколку осигуреникот кој поднел барање за плаќање на придонесот почине во текот на постапката.

Член 107-б

(1) Правото на плаќање на придонесот од членот 107-а став (1) од овој закон се остварува врз основа на поднесено барање до Фондот од страна на осигуреникот од членот 107-а став (1) од овој закон.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 107-в

Фондот донесува решение за плаќање на придонесот од членот 107-а став (1) од овој закон, доколку утврди дека се исполнети следниве услови:

- осигуреникот бил пријавен во задолжително социјално осигурување заклучно со 31 декември 2008 година, што се утврдува од податоците во матичната евиденција во Фондот со претходно воспоставена пријава за почеток и престанок на осигурувањето утврдена во матичната евиденција на Фондот;

- придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за периодот за кој осигуреникот бил пријавен во задолжително социјално осигурување не е платен, односно не е целосно платен, што се утврдува со записник на Фондот  и

- обврзникот за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување е избришан од регистрите кои се водат при Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар пред преземањето во Централниот регистар на Република Македонија, за што Фондот по службена должност обезбедува доказ врз основа на размена на податоци.

Член 107-г

Уплатата на придонесот од членот  107-а став  (1) од овој закон се врши по донесувањето на решението од членот 107 -в од овој закон.

Член 107 -д

Во стаж на осигурување се смета времето кога осигуреникот бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување доколку во целост е платен придонесот утврден со решението од членот 107-в од овој закон.

Член 2

Во член 131 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Наодот, оцената и мислењето на Комисијата за оцена на работната способност со кои е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа, врз основа на кои се стекнува право на пензија, задолжително подлежи на ревизија. Задолжителна ревизија се врши на секој наод, оценка и мислење донесен во постапка на задолжителен контролен преглед. Ревизијата ја врши Комисија за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, која ја формира министерот за труд и социјална политика, од истакнати медицински стручни лица.“



www.pravdiko.mk

Член 3

Во членот 132-а став (1) по зборот „осигурување“ се додаваат зборовите: „и решенијата за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од членот 107-в од овој закон“.

Член 4

Во членот 157 став (1) во точката 7) по зборот „Фондот“ се додаваат зборовите: „и продажба на имот добиен во судска постапка по основ на неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување;“.

Член 5

По членот 193 се додава нова Глава XIV-а и три нови членови 193-а, 193-б и 193-в, кои гласат:

„Глава XIV-а
Средства за пензиско и инвалидско осигурување
добиени од продажба на имот во судска постапка

Член 193-а

Недвижен и движен имот во сопственост на Фондот добиен во судска постапка по основ на неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување за период до 31 декември 2008 година, Фондот може да го продава согласно со одредбите од членот 187 став (2) од овој закон.

Член 193-б

Средствата од продажбата на имотот од членот 193-а можат да се користат за намени од членот 188 точки 1), 2) и 3) од овој закон.

Член 193-в

(1) Од средствата добиени од продажба на имотот од членот 193-а од овој закон Фондот утврдува стаж на осигурување и основици на осигурување за секој осигуреник кој бил пријавен во задолжително социјално осигурување поединечно.

(2) Утврдувањето на стажот на осигурување и основиците од ставот (1) на овој член се врши во траење и износ соодветно на добиените средства од продажбата на имотототот.

(3) Начинот и потребната документација за утврдување во стаж на осигурување и основици на осигурување од ставовите (1) и (2) на овој член, ги пропишува министерот за труд и социјална политика.“

Член 6

Во член 195 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ажурирање на податоците во матичната евиденција Фондот врши и преку интегрираниот здравствен информатички систем со користење на веб апликација која ја администрира Министерството за здравство согласно со закон.“

Член 7

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.



www.pravdiko.mk

Член 8

Барањето од членот 107-б став (1) од овој закон се поднесува најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk